РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2762/2
19-06-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 88-та седница одржана на ден 16.06.2023 година донесе

**О д л у к а**

Пријавата заведена под број 12-2762/1 од 08.06.2023 година, за покренување на постапка против стечајниот управник на -----------------------------------, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елемнти за надлежно постапување од причина што ДКСК веќе има постапено по истата пријава со исти наводи и има донесено одлука од своја надлежност.

Предметот со број 12-1283/1 од 23.03.2021 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител на ден 23.03.2021 година, поднесена е пријава заведена под број 12-1283/1 од 23.03.2021 година, под наслов Иницијатива за покренување на постапка против стечајниот управник на ----------------------------------. Во пријавата изнесен се наводи против наведеното лице како стечаен управник на ЈП за уредување и употреба на градежно земјиште -------------------------- во стечај, со барање за покренување на постапка против истиот, поради сомневање во законитоста на водењето на стечајната постапка, особено во делот на распределбата на паричните средства кои требало да се поделат на стечајните доверители. Во доставената пријава се наведува дека, од страна на подносителите овој случај бил пријавен во Управата за финансиска полиција до каде доставиле и целосна документација и од каде биле известени дека против наведеното лице била покрената постапка пред Основното јавно обвинителство Скопје

При разгледувањето на пријавата ДКСК констатира дека во случајот станува збор за идентична идносно иста пријава во која се содржани исти наводи по кои ДКСК веќе има постапено по предмет заведен под број 12 - 5371/1 од 26.11.2019 година и одлучено на 65-та седница одржана на ден 15.04.2022 година на која има донесено одлука од своја надлежност, заведена под број 12-200/7 од 19.04.2022 година, со која постапката по предметот зе запира, од причина што во предметниот случај се постапува од страна на други надлежни органи и се водат постапки. Предметната одлука е објавена на веб страницата на ДКСК.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК оцени дека нема надлежност за натамошно постапување во предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до :Подносител на пријавата

Изработил: Ј.Ц,
Одобрил : м-р В.Г., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Катица Николовска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk